**АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ**

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 20-04-2017 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 2193 | 1 | |

**До: д-р Зоран Трајчевски, директор**
**на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 28 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр. 184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14 и 142/16), се доставува

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН ПРОГРАМСКИ НАДЗОР**

1. **Вид надзор:** вонреден надзор, реализиран по службена должност

2. **Субјект на надзорот:** Трговско радиодифузно друштво РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ Скопје

3. **Период опфатен со надзорот:** 17 март 2017 година

4. **Датум на извршување на надзорот:** 20 април 2017 година

5. **Предмет на надзорот:**

- **Член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги** (радио радиодифузерите се обврзани дневно да обезбедат најмалку 40% од емитуваната инструментална, вокална и/или вокално-инструментална музика да биде на македонски јазик или на јазикот на етничките заедници кои не се мнозинство во Република Македонија);

- **Правилник за обврските за емитување изворно создадена програма, музика, документарна и играна програма** („Службен весник на Република Македонија" бр. 180/14)

6. **Претходно изречена мерка:** /

7. **Констатации од надзорот:**

Со мониторингот на снимката од радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ Скопје, емитуван на 17 март 2017 година, на регионално ниво (Скопје), **е констатирано прекршување <u>на член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.</u>**

На радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ Скопје, на 17 март 2017 година, се емитувани **вкупно 31.70%** вокално-инструментална музика на македонски јазик и инструментална музика од македонски автори.

8. **Опис на прекршувањето:**

**Спротивно на член 92 став 15 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги,** радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ Скопје, на 17 март 2017 година, не обезбеди најмалку 40% од емитуваната музика во текот на денот да биде вокална и/или вокално-инструментална музика на македонски јазик и/или инструментална музика од македонски автори.

9. **Предлог мерка:**

- Директорот на Агенцијата да донесе решение со кое ќе го опомене радио програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво РАДИО ФОРТУНА Виолета ДООЕЛ Скопје и согласно точка 6 од Упатството за определување на рокот за постапување по решенијата на Агенцијата за преземање мерка (пречистен текст) бр.01-6039/1 од 20.10.2015 година, да му наложи во рок од 30 дена од денот на приемот на решението да го усогласи своето работење со одредбите од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги; и

- Да се изврши контролен надзор, со цел да се утврди дали субјектот на надзорот, постапил по опомената (во целост, делумно или не постапил), по истекот на рокот определен во поединечниот акт (решение), донесен од страна на директорот на Агенцијата.

*Сектор за програмски работи*